# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 23 Мај 2012 година<br>Скопје<br>Бр. 6 Год. VII |
| www.opstinagpetrov.gov.mk | opstinagpetrov@yahoo.com |

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бб.
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


**Содржина:**


1. Нацрт-Одлука за утврдување на локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс, вон плански опфат во КО Орман, КП 238/3 и КП 239/3 Општина Ѓорче Петров Скопје....................2
2. Одлука За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година....................7
3. Статутарна Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров....................10
4. Одлука за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров....................18
5. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за комунални дејности, улици и патишта на Советот на Општина Ѓорче Петров....................20
6. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именување на Советот на Општина Ѓорче Петров....................22
7. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров....................24
8. Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Ѓорче Петров"- Скопје....................26
9. Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев" – Скопје....................28
10. Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Димитар Поп Георгиев-Беровски" – Скопје....................30
11. Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Страшо Пинџур" – Скопје....................32
12. Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Тихомир Милошевски" – Скопје....................34
13. Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Јоаким Крчоски" – Скопје....................36


**Скопје, Мај 2012 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Нацрт-Одлука за утврдување на локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс, вон плански опфат во КО Орман, КП 238/3 и КП 239/3 Општина Ѓорче Петров-Скопје**
**Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Нацрт-Одлуката за утврдување на локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс, вон плански опфат во КО Орман, КП 238/3 и КП 239/3 Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/1**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# Н А Ц Р Т - О Д Л У К А

**за утврдување на локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс, вон плански опфат во КО Орман, КП 238/3 и КП 239/3 Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Мај 2012 година**

**Скопје**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен гласник на Град Скопје“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05, 137/07, 91/2009, 124/10, 18/201 и 53/11), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на 23.05. 2012 година, донесе:

**Н А Ц Р Т - О Д Л У К А**
**за утврдување на локална урбанистичка планска документација**
**за изградба на стопански комплекс вон плански опфат во КО Орман, КП238/3 И 239/3**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува на локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс вон плански опфат во КО Орман, КП238/3 и 239/3, со намена Г2-лесна незагадувачка индустрија, Општина Ѓорче Петров - Скопје

Локалната Урбанистичка Планска Документација во целост ги почитува Законот за просторно и урбанистичко планирање, (Сл. весник на Р.Македонија бр. 51/2005,137/2007, 91/2009, 124/10,18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр. 142/2010, 64/2011, 98/11).

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува локална урбанистичка планска документација е градежна парцела со површина од 0,48 ха, составена од КП 238/3 и 239/3 КО Орман.

**Ч л е н 3**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од БОРТАС ДОО-Скопје, со технички број 339/11.

Локалната урбанистичка планска документација содржи:

**ВОВЕД**

**I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

Вовед
1. Географско и геодетско одредување  на планскиот опфат
2. Историјат на планирање и уредување на планскиот опфат
3. Состојба на природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд
6. Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини
7. Инвентаризација и снимка на изградена комунална инфраструктура
8. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени објекти
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
10. Анализа на можностите за просторен развој
11. Извод од план од повисоко ниво

**Б.ГРАФИЧКИ  ДЕЛ**

1. Извод од просторен план на РМ 2002-2020................. 1:50000
2. Извод од просторен план на РМ 2002-2020 (прилози)............ 1:50000
   - местоположба на локација и ружа на ветрови....................... 1:50000
   - заштитни зони на бунарско подрачје Нерези-Лепенец.......... 1:10000
   - користење на земјиште.......................................................... 1:25000
   - систем на населби и сообраќајна мрежа................................ 1:25000
   - водостопанска и енергетска инфраструктура....................... 1:25000
   - реонизација и категоризација на просторот........................... 1:25000
2. Извод од просторен план на РМ 2002-2020 (прилози)............ 1:50000
3. Ажурирана геодетска подлога ..................................... 1:1000
4. Инвентаризација и снимка на бесправна градба........... 1:1000
5. Инвентаризација на постоен градежен фонд................ 1:1000
6. Инвентаризација на комунална инфраструктура.......... 1:2500

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат
2. Географска и геодетска местоположба
3. Текстуални одредби од извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба
7. Економско образложение
8. Општи услови за изградба
9. Посебни услови за изградба
10. Заштитан а животната средина
11. Мерки за заштита од пожар и спасување

**Б. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

1. Нумерички показатели
2. Билансни показатели

**В. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на површините ...................... 1:1000

2. Сообраќаен и нивелационен план.......................................... 1:1000
3. Инфраструктурен план ......................................................... 1:1000
4. Синтезен план ........................................................................ 1:1000

**Член 4**

ЛУПД се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината. По завршување на целокупната постапка, Градоначалникот ја одобрува ЛУПД по предлог на Комисија формирана од градоначалникот.

**Член 5**

Локалната урбанистичка планска документација со сите нејзини делови се составен дел на оваа Одлука и истата се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во “Службен Гласник" на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 07 -1330/3**
**од 23.05.2012 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**на Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за пренамена на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

Се објавува Одлуката за пренамена на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/2**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална та самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.05/2006 година), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-та седницата одржана на 23.05.2012 година , донесе

## О Д Л У К А

### За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година

**Чл ен 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2012 година И тоа на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ГРАДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 420240 | Патување во странство - споредни расходи | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421310 | Пошта | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423210 | Материјали за АОП | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425360 | Плаќање на судски такси | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J70** | **ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| 424590 | Одржување на други зелени површини | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JG0** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | | | | | |
| 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | 8.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482940 | Надзор над изградбата | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JI0** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | | | | | |
| 482320 | Изградба на пречистителни станици и колектори | -20.510.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421240 | Течни горива | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **R10** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | | | | | |
| 425930 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) | 360.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 421240 | Течни горива | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| Потпрограма<br>Потставк | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012 година.

**Бр. 07-1330/4**
**23.05.2012**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Статутарна Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Статутарната Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/3**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 103 став 1 и став 2 и член 104 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата седница одржана на 23.05.2012 година, донесе

**Статутарна Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Ѓорче Петров донесен во 2006 година под број 07-777/3 од 18.04.2006 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петро бр.5/06) се вршат измени и дополнувања.

**Член 2**

Член 4 се менува и гласи:

Седиштето на Општината Ѓорче Петров се наоѓа на ул.Ѓорче Петров **бр.73**, во Ѓорче Петров-Скопје.

**Член 3**

Член 6 се менува и гласи:

Празник на Општината Ѓорче Петров е **20 Септември.**

**Член 4**

Во член 2 став 1 точката 10 се дополнува и гласи:

- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба **и заштита и спасување во услови на природни непогоди и други несреќи**.

**Член 5**

Во член 16 став 1 се додава точка 16а и гласи:

**16а) Донесува план за заштита и спасување на Општина Ѓорче Петров.**

Точка 27 се менува и гласи:

Врши избор на раководното лице на Полициската Станица од Општа Надлежност **Ѓорче Петров** во согласност со Закон.

Точка 28 се менува и гласи:

Ги разгледува шестомесечните Извештаи на Полициска Станица од Општа Надлежност **Ѓорче Петров.**

Точка 29 се менува и гласи:

Може да дава препораки на раководното лице на Полициска Станица од Општа Надлежност **Ѓорче Петров** од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.

**Член 6**

Во член 24 во став 1 се дополнува нова точка 15а која гласи:

**15а) подготвува и организира заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра во Општината во услови на воена состојба, природни непогоди и други несреќи.**

**Член 7**

Во член 42 став 1 алинеа 8-Комисијата за родова еднаквост се менува и гласи:

- **Комисија за еднакви можности.**

**Член 8**

После член 58 се додава точка в) и член 58а кои гласат:

**в) Референдум**

**Член 58а**

**За поедини прашања, Општината може да распише референдум, согласно Закон. На референдумот граѓаните се изјаснуваат непосредно со тајно гласање. Референдумот се распишува заради одлучување на граѓаните или за консултирање на граѓаните. Одлуката донесена на раферендум за одлучување на граѓаните е задолжителна. Одлуката донесена на референдум за консултуирање на граѓаните не е задолжителна.**

**Член 9**

Глава VI се менува и гласи:

VI ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ, СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР **И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ.**

По член 68 се додава точка в) и член 68а кои гласат:

**в) Заштита на личните податоци**

**Член 68а**

**Се гарантира заштита на личните податоци на секое физичко лице без дискриминација заснована врз неговата националност, раса, верски уверувања, етничка припадност, пол, јазик, политички или други верувања, материјална положба, потекло по раѓање, образование, социјално потекло, државјанство, место или вид на престој или по кој било други определби и лични карактеристики, согласно Закон.**

**Заштитата на личните податоци се однесува:**
- **на целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци и**
- **на друга обработка на личните податоци што се дел од постојана збирка на личните податоци или се наменети да бидат дел од збирка на лични податоци.**

**Член 10**

Член 73 се бришат зборовите:

**Во зависност од претсавката односно предлогот.**

Член 74 се менува и гласи:

**Овластеното лице е должно во законски утврден рок од денот на приемот на преставката односно приемот на подносителот да му достави одговор.**

**Член 11**

ГЛАВА IX се дополнува и гласи:

IX ЈАВНИ ТРИБИНИ, АНКЕТИ, ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ **И ФОРУМИ НА ЗАЕДНИЦИТЕ.**

**Член 12**

После член 77 се додава нов член 77а кој гласи:

**Член 77а**

**Градоначалникот и Советот на Општина Ѓорче Петров по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во Општината Ѓорче Петров, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.**

**Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на Општината Ѓорче Петров.**

**Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до Градоначалникот на Општината Ѓорче Петров. Врз основа на барањето, стратешките документи и целите за развој на Општината, Градоначалникот поднесува предлог до Советот. Советот одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.**

**Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на Општина Ѓорче Петров по предлог на Градоначалникот.**

**Член 13**

ГЛАВА X се дополнува и гласи:

X ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА, **ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ.**

**Член 14**

ГЛАВА XI се дополнува и гласи,

XI НАЧИН И **ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ** И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ.

Во глава XI се дополнуваат нови поглавја и членови како што следи:

## Донесување програми, одлуки и други општи акти

**Член 78а**

**Носителите на предлозите на програмите и одлуките од надлежност на Советот се должни во предвидените рокови утврдени во програмата за работа на Советот тие предлози на акти да ги достават до Советот во соодветна форма на разгледување и донесување.**

**Член 78б**

**При донесувањето на програмите и одлуките, предлагачите присуствуваат на седницата на Советот и по потреба даваат стручни појаснувања од областа за која се предлага донесување на програмата или одлуката.**

**Член *78в***

**Деталните урбанистички планови на Општината ги донесува Советот во постапка утврдена со Закон.**

## Одобрување програми и други акти

**Член *78г***

**Советот одобрува програми за работа на јавните служби, установи и претпријатија кои ги основа, а кои вршат работи од надлежност на Општината и облиците на месната самоуправа.**

**Член *78д***

**Ако Советот не ја одобри програмата од член 78г, тогаш формира работно тело кое заедно со претставници на подносителот на програмата, работат до конечно усогласување на ставовите.**

**Член *78ѓ***

**Советот одобрува и други акти во согласност со закон.**

**Член 78е**

**Советот за одобрување на програмата или друг акт донесува одлука или заклучок.**

## Итна постапка за донесување одлуки

**Член *78ж***

**По исклучок, Советот може и по итна постапка да донесе одлука кога е тоа неопходно за спречување на елементарни непогоди, други вонредни околности или кога е од интерес за остварување на функциите на Општината.**

**Пред да се донесе Одлука, Советот претходно одлучува дали е неопходно донесување одлука по итна постапка, а потоа води расправа по предлог на одлука.**

## Расправа по предлог на акт и предлозите за измени и дополнувања

**Член *78з***

**По предлозите на актите се води расправа.**

**Во текот на расправата се одлучува и за измени и дополнувања на одделни одредби од предлогот на актот.**

**Член *78ѕ***

**Предлог за измени и дополнувања на предлогот на одлуката или друг општ акт се поднесува во писмена форма.**

**Предлог може да поднесе овластен предлагач: Градоначалникот, член на Совет, група членови на Совет или јавна служба, установа и претпријатие или јавни служби, установи и претпријатија кои ги основа Општината и истиот мора да биде образложен.**

**Предлог за измени и дополнувања, по предлогот на одлуката или друг општ акт се поднесува најдоцна 3 дена пред денот определен за одлучување на седница на Советот, преку претседателот на Советот.**

**Предлогот, претседателот на Советот го доставува до членовите на Советот, до соодветното работно тело или надлежен управен орган и до Градоначалникот на Општината.**

**Во расправата на работното тело задолжително се повикува предлагачот или негов претставник.**

**Член *78и***

**Предлагачот на предлогот, може да поднесе предлог за измени и дополнувања на предлогот на одлука или друг општ акт на седница на Советот, во текот на претресот на предлогот.**

**Предлогот од претходниот став се поднесува писмено и мора да биде образложен.**

**Член *78ј***

**За предлогот се води посебен претрес на седница на Советот.**

**По предлогот за измени и дополнувања поднесен на седница, Советот може да одлучи претресот да се одложи и да продолжи на една од наредните седници или претресот да се прекине додека членовите на Советот не го проучат и по него не се изјаснат.**

**Член *78к***

**За предлогот се одлучува пред да се гласа за предлог на одлука или другиот општ акт.**

## Автентично толкување на општи акти

**Член *78л***

**Барање за автентично толкување на општ акт може да поднесат членовите на Советот, граѓаните од Општината, јавно претпријатие кое извршува дејност на подрачјето на Општината и државните органи кога потребата од автентично толкување настанала во врска со примената на актите во нивното работење.**

**Член *78љ***

**Барањето за давање на автентично толкување на општиот акт се поднесува до претседателот на Советот кој веднаш барањето го доставува до Комисија за Статут и прописи.**

**Член *78м***

**Комисијата за Статут и прописи по барањето за автентично толкување има право да побара мислење од работните тела на Советот и управните и административните органи на општината.**

**Член *78н***

**Ако Комисијата за Статут и прописи оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до Советот на усвојување, а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, Комисијата за Статут и прописи за тоа ќе поднесе Извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.**

## Утврдување на пречистен текст на општи акти

**Член *78њ***

**Ако во општиот акт се вршат пообемни или повеќе пати измени и дополнувања, Советот може да одлучи да се изготви пречистен текст на актот.**

**Пречистениот текст на актот го изготвува Комисијата за Статут и прописи и го објавува во "Службен Гласник" на Општината.**

## Претресување на извештаи, информации и други материјали

**Член *78о***

**Советот претресува извештаи, информации и други материјали кои се во негова надлежност.**

**Пред да ги претресува Советот, материјалите од став 1 на овој член ги разгледува надлежното работно тело.**

**По извештаите, информациите и другите материјали, Советот донесува одлука или заклучок.**

**Советот дава мислења, согласност и предлага мерки за уредување на работите од заеднички интерес за градот Скопје, како и утврдува насоки за извршување на прописисте и други одлуки.**

**Член *78п***

**Општите и другите акти се објавуваат во службено гласило на Општината, најдоцна во рок од 7 дена од денот на нивното донесување.**

**Службено Гласило на Општината е „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Општината води збирка на објавените прописи, која е достапна на општ увид.**

## Поединечни акти

**Член *78р***

**Советот и Градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти.**

**Советот донесува решенија за избор и именување.**

**Градоначалникот на Општината донесува решение.**

**Член *78с***

**Градоначалникот на Општината е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето на актите од Советот да ги објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров.“**

**Службениот Гласник на Општина Ѓорче Петров се објавува на веб страната на Општина Ѓорче Петров и се доставува до сите надлежни институции и во урбаните и месните заедници во Општина Ѓорче Петров.**

**На веб страницата на Општина Ѓорче Петров се објавуваат и актите, одлуките, конкурсите, огласите и соопштенијата на органите на Општината.**

**Член 15**

**Член 79 се брише.**

**Член 16**

Оваа Статутарна Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1330/5**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/4**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27 став 1 и член 29 од Законот за семејство („Службен Весник на Р.М.број 80/92, 9/96, 19/2000, 79/01, 38/04, 60/05, 33/06, 84/08, 117/09, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“бр.5/2002), Решението за определување на матичните подрачја број 01-1833/3 од 22.12.2010 година донесено од Управата за водење на матичните книги и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница одржана на ден 23.05.2012 година, донесе:

**О Д Л У КА**
**за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

За членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров се избираат:

**Во Матична служба на Град Скопје :**

1. Даниела Николиќ
2. Марјан Стојановски
3. Политими Марковска

**Во Месна канцеларија Ѓорче Петров**

1. Горан Симоновски
2. Марика Котеска
3. Жаклина Веланоска
4. Силвана Јосевска

**Член 2**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров број 07-1769/4 од 18.06.2010 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 7/10).

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1330/6**
**од 23.05. 2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за комунални дејности, улици и патишта на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за комунални дејности, улици и патишта на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/5**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 42, 43 и 44 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број“ 5/06) и член 109 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 12/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница одржана на ден 23.05.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за комунални дејности, улици и патишта на Советот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на точка 1 алинеа 1 од Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за комунални дејности, улици и патишта на Советот на Општина Ѓорче Петров број 07-1114/7 од 30.04.2009 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 7/09) како што следи:

- За Претседател на Комисијата за комунални дејности, улици и патишта на Советот на Општина Ѓорче Петров наместо Силвана Јосевска се избира Тони Ристов.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1330/7**
**од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именување на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именување на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/6**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/2002), член 42, 43 и 44 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број" 5/06) и член 109 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 12/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница одржана на ден 23.05.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именување на Советот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на точка 1 алинеа 1 од Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров број 07-941/4 од 10.04.2009 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 6/09) како што следи:

- за Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општина Ѓорче Петров, наместо Владо Мисајловски се избира Благојче Атанасовски.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1330/8**
**од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/7**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 42, 43 и 44 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број“ 5/06) и член 109 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 12/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница одржана на ден 23.05.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на точка 1 алинеа 2 од Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров број 07-1114/10 од 30.04.2009 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 7/09) како што следи:

- За член на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров, намсето Владо Мисјаловски се избира Силвана Јосевска.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1330/9**
**од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претсдател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Ѓорче Петров“-Скопје**

Се објавува Одлуката за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Ѓорче Петров“-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/8**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М." бр. 103/08), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница одржана на ден 23.05.2012 година, донесе:

**О Д Л У КА**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Ѓорче Петров"- Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Ѓорче Петров"-Скопје, се избираат:

- Тања Барјактарова
- Силвана Јосевска

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Ѓорче Петров", број 07-1344/4 од 27.05.2009 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 8/09).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1330/10**
**од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Мирче Ацев"-Скопје**

Се објавува Одлуката за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Мирче Ацев"-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/9**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница одржана на ден 23.05.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев“ - Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев“-Скопје, се избираат:

- Валентина Николовска
- Драган Трпевски

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев“, број 07-1344/3 од 27.05.2009 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/09).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1330/11**
**од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Димитар Поп Георгиев Беровски“-Скопје**

Се објавува Одлуката за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Димитар Поп Георгиев Беровски“-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/10**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М." бр. 103/08), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница одржана на ден 23.05.2012 година, донесе:

**О Д Л У КА**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Димитар Поп Георгиев-Беровски" - Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Димитар Поп Георгиев-Беровски "-Скопје, се избираат:

- Светлана Инадеска
- Политими Марковска

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Димитар Поп Георгиев-Беровски", број 07-1344/6 од 27.05.2009 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 8/09).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1330/12**
**од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Страшо Пинџур“-Скопје**

Се објавува Одлуката за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Страшо Пинџур“-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/11**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница одржана на ден 23.05.2012 година, донесе:

**О Д Л У КА**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Страшо Пинџур“ - Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Страшо Пинџур “-Скопје, се избираат:

- Љубиша Велјановски
- Жаклина Веланоска

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Страшо Пинџур “, број 07-1344/5 од 27.05.2009 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/09) .

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1330/13**
**од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Тихомир Милошевски“-Скопје**

Се објавува Одлуката за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Тихомир Милошевски“-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/12**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница одржана на ден 23.05.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Тихомир Милошевски“ - Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Тихомир Милошевски“-Скопје, се избираат:

- Наташа Кочовска
- Благојче Атанасовски

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Тихомир Милошевски“, број 07-1344/7 од 27.05.2009 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/09).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1330/14**
**од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Јоаким Крчоски“-Скопје**

Се објавува Одлуката за именување на претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишнот Одбор на Основното Училиште „Јоаким Крчоски“-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и третата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.05.2012 година.

**Број 08-1421/13**
**Од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 53-тата Седница одржана на ден 23.05.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Јоаким Крчоски“ - Скопје**

**Член 1**

За претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Јоаким Крчоски“-Скопје, се избираат:

- Звонко Смиљков
- Даниела Николиќ

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставници во Училишниот Одбор на Основното училиште „Јоаким Крчоски“, број 07-1344/8 од 27.05.2009 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/09).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1330/15**
**од 23.05.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**